РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2226/2 (2022)

19-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на ден 16.06.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2226/1 од 15.03.2022 година, со наводи против едно физичко лице од ------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во доставената пријава нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, како и поради тоа што пријавеното лица не е службенио лице во смисла на член 8 став 2 од истиот Закон, па изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Предметот со број 12-2226/1 од 15.03.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.03.2020 година поднесена е пријава, заведена под број 12-2226/1 од 15.03.2022 година, против едно физичко лице од -------------, поранешен вработен во Државната ветеринарна станица ----------, поради упишување во катастарот на недвижности на негов имот без знаење на другите поранешно вработени. Во конкретниот случај се работи за недвижен имот кој бил трансформиран со договор за трансформација и приватизација и кој требало да премине во сопственост на поранешно вработените во ветеринарната станица но, подносителите се сомневаат дека пријавеното лице ги изиграл и без нивно знаење ја завршил постапката само за неговиот дел од имотот.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека во доставената пријава не се содржани наводи кои упатуваат на конкретни личности и активности и нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавни овластувања и службена должност, воедно пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот Закон, при што утврди дека изнесените наводи во пријавата не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за случајот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk